Бр. 02-560/6-1
19.07.2018

Врз основа на член 19 точка 10, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 25 точка 9 од Статутот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, а во врска со јавниот конкурс за избор на Директор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип на седницата одржана на 19.07.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**

за избор на Директор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип

**Член 1**

За Директор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" Пробиштип се избира Миле Илиевски од Пробиштип, со завршено ВСС-Електротехнички факултет.

**Член 2**

Директорот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" Пробиштип се избира со мандат од 4 (четири) години.

Директорот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" Пробиштип функцијата ќе отпочне да ја врши сметано од извршениот упис на промена на Директор во Централен регистар на Република Македонија.

**Член 3**

Претседателот на Управен одбор и Директорот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип ќе склучат менаџерски договор, со кој се регулираат правата и обврските на договорните страни.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение:**

Согласно член 19 точка 10, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 25 точка 9 од Статутот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип на седницата одржана на 18.06.2018 година донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип.

Јавниот конкурс се објави во дневните весници "Нова Македонија" и "Вечер" дневни весници на македонски јазик и "Коха" дневен весник на албански јазик на 02.07.2018 година.

Комисијата за преглед на пристигнатите документи по јавниот конкурс во состав Методија Кралевски, Игор Трајковски и Билјана Казанџиска согласно Законот за јавните претпријатија изврши преглед на пристигнатите документи, ја утврди нивната комплетност и валидност и ги достави документите до Управен одбор.

Согласно горенаведеново Управниот одбор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип одлучи како во диспозитивот.

Пробиштип
19.07.2018

Претседател на Управен одбор на
ЈП ХС "Злетовица"
Методија Кралевски